Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 точка 8 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на општина Василево“ бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на **26.11.2014** година ја донесе следната

**Програма**

за уредување на градежното земјиште во индустриската зона на општина Василево

**Вовед:**

Оваа програма се донесува со цел превземање на активности за уредување на градежното земјиште во индустриската зона Градошорци каде врз база на донесен детален урбанистички план. Програмата е со цел да овозможи задоволување на потребите на градежната оператива за изградба на деловни и стопански објекти. Инаку во програмата се опфатени сите активности поврзани со расчистувањето на имотно правните односи (особено со приватното земјиште), расчистување на постојни инсталации и други пречки кои ќе се јават при отпочнувањето на реализацијата на програмата.

Со оваа програма се предвидува поврзување со регионалниот пат М6, пробивање и изградба на улици во самата зона, изградба на водоводна и канализациона мрежа, електрификација и изградба на други помошни објекти од областа на инфраструктурата.

Степенот на уредувањето ќе се реализира согласно динамиката на прибирање на средствата од продажбата на градежното неизградено земјиште и од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

**член 1**

**А. Подготвителни работи:**

- ✓ Расчистување на имотно-правни односи,
- ✓ Изработка на урбанистички план и
- ✓ Изработка на инвестициона-техничка документација (проекти).

**Б. Опремување на градежното земјиште со инфраструктурни објекти:**

- ✓ Пробивање и изградба на улици,
- ✓ Изградба на водоводна и електрична мрежа,
- ✓ Изградба на атмосферска и канализациона мрежа,
- ✓ Изградба на други објекти од областа на инфраструктурата.

**член 2**

Уредувањето и опремувањето на гредежното земјиште ќе се врши од средствата што ќе се прибираат од:

- ✓ Продажбата на државно неизградено градежно земјиште од: 1.500.000 денари,
- ✓ Надоместок за уредување на градежното земјиште средства од: 1.000.000 денари

**Вкупно: 2.500.000 денари**

**член 3**

**FAC. Уредување на градежно земјиште во индустриската зона во Градошорци**

1. Пробивање на улица во индустриската зона Градошорци од: 1.000.000 денари;
2. Изградба на водоводна межа во индустриската зона од: 500.000 денари;
3. Изградба на фекална канализација во индустриската зона од: 500.000 денари;
4. Расчистување на имотноправните односи во индустриската зона од: 500.000 денари

**Вкупно: 2.500.000 денари**

**член 4**

Оваа програма стапува во сила осмиот ден по објавувањето во Службениот гласник на општина Василево.

Бр.07-2335/1
27.11.2014г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Илчо Колев с.р.